# ЗАПИСНИК
## од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 03.11.2022 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради службено патување.**

**Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска на седницата го заменуваше директорот на Агенцијата по Овластување бр.03-3556/1 од 28.09.2022 година.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.10.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.10.2022 година.
3. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јули до 30 септември 2022 година.
4. Предлог-одлука за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс на локално ниво.
5. Предлог за покренување прекршочна постапка против операторот СКУПИ КАБЛЕ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

6. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ЛА КОСТА од Виница.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Алсат-М за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Алфа за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Сител за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ 21-М за прекршување на член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ.
11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Алсат-М за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
12. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Алсат-М за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники.
13. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на ЗЈН.
14. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за обновување на 2 (два) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.
15. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.10.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.10.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски го најави разгледувањето на Квартални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јули до 30 септември 2022 година. Објасни дека Советот по нив не гласа, но има

можност да се изјасни во врска со нивната содржина во која е наведен детален приказ за сите преземени активности на Агенцијата од претходните три месеци.

Г-дин Ајдини рече дека нема никакви забелешки во однос на доставените квартални извештаи. Од тоа што го прочитал се забележува дека Агенцијата работела со својот максимум, во детали се прикажани сите активности, почнувајќи од надзорите, преземените мерки кон радиодифузерите како јавните опомени, прекршочните постапки, потоа меѓународната соработка и ред други активности кои се во делокругот на работата на Агенцијата. Се изјасни дека ги прифаќа извештаите.

Г-дин Петрушевски рече дека откога ги прочитал кварталните извештаи заклучил дека навистина стандардно е содржајна работата на Агенцијата и има многу вработени што дале свој придонес. Посочи дека нивото на работата на Агенцијата е навистина високо и треба и понатаму да се продолжи со таков квалитет на работа.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс на локално ниво. Објасни дека дозволата би се доделила на физичкото лице Амир Хамити од Куманово кој што на 12 јули оваа година до Агенцијата поднесе барање за доделување на наведената дозвола. Стручната служба го разгледа барањето и констатира дека не е уредно поднесено по што барателот беше известен. На 30 август Амир Хамити повторно достави дополнување на Барањето но и овој пат имаше одредени недостатоци по што беше повторно известен. Потоа на 4 октомври по трет пат наведеното физичкото лице достави барање за доделување дозвола и беше констатирано дека овој пат Барањето е уредно доставено. Имајќи го ова предвид до Советот се предлага да се додели бараната дозвола и откако ќе му се додели имателот треба да основа Трговското радиодифузно друштво, кое се обврзува да започне со вршење на дејноста на 01.12.2022 година.

Г-дин Петрушевски рече дека Барањето за доделување дозвола за него претставува навистина едно изненадување во овој лош период на економска и енергетска криза, за желбата да се инвестира во отворање на нов медиум. Се надева дека господинот Амир Хамити ќе има сила ова да го реализира бидејќи го очекува уште многу работа. Во последно време ова е редок случај кога медиумите се откажуваат од работа поради кризата, да се отвори нов медиум.

Г-дин Ајдини рече како што било образложено од страна на раководителката Љубевска, лицето неколку пати доставувал Барање и се обидувал документацијата да ја достави согласно Законот, но на крај со помош на службите успешно ја реализирал целата постапка. Како што навел и г-дин Петрушевски, многу одамна немале ваков случај на доделување на дозвола, што претставува охрабрувачки чекор и се надева дека со професионална работа ќе ја оправдаат одлуката за доделување дозвола.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување на дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик, на локално ниво на подрачјето на Општина Куманово, Општина Липково

и Општина Старо Нагоричане, на физичкото лице Амир Хамити од Куманово, со текст како што беше предложена одлуката.

Телевизискиот програмски сервис ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од физичкото лице Амир Хамити од Куманово, на кое му е доделена дозволата, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 01.12.2022 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето во име на Советот му честита за доделената одлука и му посака и покрај тешките времиња да успее да го заживее медиумот и да започне со работа во наведениот рок.

**Точка 5**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за покренување прекршочна постапка против операторот СКУПИ КАБЛЕ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека на 17 октомври направен е редовен надзор над наведениот оператор по што е констатирано дека за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „SHOW TV“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата. Во мај 2022 година СКУПИ КАБЛЕ има добиено Решение за јавна опомена поради реемитување на нерегистрирани програмски сервиси и бидејќи станува збор за повторување на повреда на ист член на Законот, се предлага да се покрене прекршочна постапка.

Г-дин Петрушевски објасни дека согласно Законот Советот нема друг избор за изрекување мерка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-3845/1 од 18.10.2022 година на Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на териториите на општина Арачиново и Скопје, на 17.10.2022 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „SHOW TV“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 6**

Раководителката Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ЛА КОСТА од Виница. Објасни дека на 14 октомври 2022 година беше доставено известување за промена на сопственичка структура од наведениот радиодифузер. Надлежниот сектор направи увид во доставената документација и констатираше дека таа не е уредна во смисла на тоа дека доставеното полномошно од лицето кое што е овластено да го поднесе известувањето не беше во оригинал ниту копија заверена на нотар. Имајќи го ова предвид Агенцијата телефонски го извести полномошникот на ЛА КОСТА Виница и побара од него да го доуреди известувањето. На 19 октомври до Агенцијата беше доставена нотарски заверена изјава од полномошното и со тоа документацијата беше комплетна и уредна, односно ги содржеше сите податоци и документи кои се утврдени во релевантниот подзаконски акт на Агенцијата. Сегашната состојба е дека единствен сопственик на ЛА КОСТА Виница е физичкото лице Дафинка Костадинова, со што по бараната промена ќе пристапи физичкото лице Бранко Ивановски кој ќе биде единствен сопственик на радиото. Вообичаено Агенцијата пристапи кон проверка и констатираше дека според податоците од интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистер на РСМ лицето Бранко Ивановски се јавува како сопственик и управител на Друштво за производство, трговија и услуги ИНВЕСТГРУПВИН ДООЕЛ Виница чија приоритетна дејност е трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун. Ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва. Дополнително Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар и обезбеди Тековна состојба за вистински сопственик за Бранко Ивановски со која што се потврдија наведените податоци. Бидејќи со предложените промени за сопственичката структура не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, се предлага Советот да го прифати предлогот и да донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 7, 8 и 9**

Г-дин Петрушевски ја праша раководителката Љубевска дали предложените извештаи се од ист надзор или од различни?

Раководителката Љубевска предложи Точките 7, 8 и 9 да се разгледаат и образложат со еден вовед и една дискусија бидејќи се однесуваат на ист прекршок од член на Законот, а пота за секоја мерка посебно да се гласа.

Г-дин Петрушевски го прифати предлогот.

Раководителката Љубевска објасни дека на 6 септември врз програмскиот сервис на ТВ Алсат-М, ТВ Алфа и ТВ Сител направени се редовни надзори при што е констатирано прекршување на правилата за малолетници. На ТВ Алсат и ТВ Алфа емитувани се промотивни најави за играни програми без визуелниот знак кој што ја сигнализира категоријата програма. За ТВ Сител промотивните најави за играните програми се означени со предупредувачката сигнализација само пред почетокот, но не и за време на нивното емитување. Поради тоа се предлага изрекување јавна опомена и да им се наложи на наведените радиодифузери во рок од 30 дена по приемот на решението да го усогласат своето работење со Законот.

*гласање по Точка 7*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3624/1 од 30.09.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 6 септември 2022 година, беа емитувани промотивни најави за играна програма без да бидат означени со сигнализацијата за заштита на малолетните лица.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3658/1 од 04.10.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 6 септември 2022 година, промотивните најави за играниот серијал „Аси“, беа емитувани без да бидат означени со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 9*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3628/1 од 30.09.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа на 6 септември 2022 година, играните програми „Чикаго ПД", „Семејство на духови 2020" и „Лав Лајв! Сонце!", се означени со предупредувачката сигнализација само пред почетокот, но не и за време на нивното емитување.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТВ 21-М за прекршување на член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ. Објасни дека надзорот е направен на 6 октомври на програмата која се емитувала на 23 септември а

надзорот е вонреден по службена должност. Констатирано е прекршување на правилата кои се однесуваат за пласирање производи поради тоа што е емитуван прилог во издание на говорната-шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel“, каде што промотивно се препорачуваа и им беше придадена претерана важност (истакнување или упатување) на производи на „Зегин“ и „JM Органикс“. Поради тоа се предлага да им се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност, програмски надзор, бр.10-3763/1 од 07.10.2022 година и едногласно заклучи на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ затоа што на 23 септември 2022 година, во издание на говорната-шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel“, промотивно се препорачуваа и им беше придадена претерана важност (истакнување или упатување) на производи на „Зегин“ и „JM Органикс“.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 11 и 12**

Г-дин Петрушевски предложи за Точките 11 и 12 да се даде еден вовед и да има една заедничка дискусија бидејќи станува збор за ист медиум кој направил прекршок на два различни члена од ЗААВМУ. Потоа гласањето да биде за секоја точка посебно.

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Алсат-М за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ и за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники. Објасни дека се направени редовни надзори едниот на содржината емитувана на 7 септември додека другиот е на 6 септември. На 7 септември е констатирано дека радиодифузерот не ги испочитувал правилата за емитување на изворна програма односно не емитувал најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. Вториот прекршок се однесува на тоа што во изданија на играни серијали повеќе пати беа емитувани поп ап реклами на поделен екран што

покриваа - суштински делови од драмското дејствие и преведувачкиот титл, како и предупредувачкиот знак за категоријата програма и логото на Телевизијата. За првиот прекршок се предлага мерка јавна опомена со тоа што рокот за усогласување му е 30 дена. За вториот прекршок исто така се предлага мерка јавна опомена со рок на усогласување од 15 дена.

Г-дин Ајдини рече дека во материјалите има дописи од телевизијата дека се произнела по направените пропусти односно дека ги прифаќа грешките кои ги направила а се констатирани со надзорите.

Раководителката Љубевска објасни дека и покрај доставените изјави не се анулираат прекршоците. Радиодифузерот се изјаснува дека веднаш се усогласил со Законот но тоа дополнително ќе се провери со контролниот надзор.

*гласање по Точка 11*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3571/1 од 29.09.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 7 септември 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 12*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3625/1 од 30.09.2022 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники затоа што на 6 септември 2022 година, во изданијата на играните серијали: „Mos më braktis“, „Çakër-familja e madhe“, „Lotët e nënës“ и „Më fal“,

повеќепати беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран што покриваа - суштински делови од драмското дејствие и преведувачкиот титл, како и предупредувачкиот знак за категоријата програма и логото на Телевизијата.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 13**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на ЗЈН, рече дека во материјалите стои дека Советот треба да даде одобрување за износ кој нема да надмине 23.000,00 денари без пресметан ДДВ но најниската понуда е 18.000,00 денари без вклучен ДДВ. Објасни дека овие средства ќе бидат наменети за автобуски превоз за претставниците од регулаторните тела од земјите на поранешна Југославија и претставници од Р.Албанија и Р.Бугарија.

Раководителката Љубевска во врска со забелешката од г-дин Петрушевски објасни дека износот од 23.000,00 денари е формиран врз основа на барањето кој што секторот првично го поднесе бидејќи тогаш сè уште не се знаеше колку ќе чини оваа услуга. Автобускиот превоз е потребен за регионалната конференција која што АВМУ ќе ја организира следната недела. По одобрувањето на барањето од секторот се пристапи кон прибирање на понуди и за таа цел пристигнаа три понуди со различен износ а најниската понуда е 18.000,00 денари без ДДВ. Согласно тоа се предлага на Советот да се прифати предлогот и да даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата – Автобуски превоз за регионална конференција, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата – Автобуски превоз за регионална конференција, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки, која нема да надмине износ од 23.000,00 денари без пресметан ДДВ.

Средствата за горенаведената услуга се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

Г-дин Петрушевски по гласањето објасни дека автобускиот превоз се однесува за следната недела во четврток попладне и ги покани сите членови што се во можност после работно време да дојдат. Автобусот ќе ги однесе на релација Неготино и потоа ги враќа назад во Скопје.

**Точка 14**

Раководителката Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за одобрување на финансиски средства за обновување на 2 (два) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија". Објасни дека се бара да се обезбедат средства во износ од 22.000,00 денари со пресметан ДДВ од 18%, затоа што два од постојните кориснички пристапи се веќе истечени. Инаку Агенцијата е корисник на 6 кориснички пристапи и од таа причина се добива попуст, наместо да се плати 15.500,00 денари со ДДВ за еден кориснички пристап, сега еден пристап ќе чини 11.000,00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 22.000,00 денари со пресметан ДДВ од 18% за обновување на 2 (два) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија" за период од 12 (дванаесет месеци).

Средствата за горенаведената услуга се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 15**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-4013/13

18.11 **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**